Куќо таткова, куќо мајкина.
Тука сум твоја, тука сум своја.
Куќо таткова,
сега празна си,
куќо мајкиона,
сега тажна си!
Во тебе,пуста,
песни се пееја, во тебе,
лична, деца се смееја.
Куќо таговна...
Отварам врати, чкрипот...
празно и пусто... душата пати...
Но, тука е мојот сој,
тука се редат спомени рој.
Куќо раскуќена, од памтивек тука си била...
Еј,куќо, најмила!



**Ристана Николова**